НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**„ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА"**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 27 став 1 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти**

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите можат да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16), во точката 7, потточка 7.1. се менува и гласи:

„7.1. За извоз на стоки: доказ за извозот во вид на електронска порака за излез на стоката од царинското подрачје (IE599) или извозна потврда на единствениот царински документ или склучен договор за извоз којшто предвидува авансна наплата."

2. Во точката 10 став 1, по зборовите: „овластените банки," се додаваат зборовите: „освен доказот за добиена електронска порака од точката 7 потточка 7.1 од оваа одлука,".

Во ставот 2, зборовите: „По исклучок на ставот 1 од оваа точка, документите од потточките 7.1 и 7.2 од оваа одлука, за" се заменуваат со зборовите: „Останатите документи од точката 7 потточка 7.1 од оваа одлука и документите од точката 7 поточка 7.2 од оваа одлука при".

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. ______________**
**______2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**